*УПАТСТВО*

Ве молиме да бидете на Правниот факултет 30-45 минути пред терминот во кој треба да го полагате исптиот, бидејќи претходи постапка за идентификација на секој кандидат и доделување на пристапен код за отпочнување на тестот. За таа цел покрај лична карта/пасош за идентификација, потребно е да ги носите и испитните шифри кои ви беа доделени при поднесување на пријавите.

По објавување на отпочнување на полагањето од страна на претседателот на Комисијата за приемен испит, нема да биде дозволено влегување на кандидат за полагање, ниту овозможено во друг термин да го изврши полагањето. Ве молиме имајте го ова предвид.

Тестот ќе содржи 100 прашања и може да се освојат максимум 100 бода. Секое прашање ќе содржи 3 понудени одговори, од кои 1 одговор е точен и носи 1 бод, а другите 2 понудени одговори се неточни и носат 0 бодови.

За да го положите тестот потребно е да одговорите точно на најмалку 55 прашања.

При завршување на тестот ќе добиете покрај резултат со број на освоени бодови и **ПОЛОЖИЛ/НЕ ПОЛОЖИЛ**: (55 бода-100 бода)**ПОЛОЖИЛ/**(0 бода-54 бода)**НЕ ПОЛОЖИЛ**.

Против резултатите од овој тест не е дозволен никаков ПРИГОВОР.

Со оглед на тоа што секој дел од испитот е елиминаторен, за да се стекнете со право да го полагате **Квалификацискиот тест**, кој ќе се одржи на **11 и 12 септември, 2019 година, (среда и четврток),** потребно е да добиете резултат на овој тест **ПОЛОЖИЛ.**

За полагање на тестот ќе имате на располагање 90 минути, и по истекот на 90-та минута автоматски завршува полагањето, доколку претходно не сте го завршиле сами со кликање на **КРАЈ НА ТЕСТОТ.** Времето што ќе ви биде на располагање за решавање на тестот постојано ќе ви биде прикажано во горниот десен агол на екранот.

На прашањата не мора да одговарате по ред, можете и во текот на полагањето да се навраќате и менувате одговор на веќе одговорено прашање, се до моментот на завршување на тестот/истекот на 90-те минути. Не одговорените прашања се бодираат со 0 бодови.

За време на тестот не смеете да користите било какви електронски средства за комуникација или пак друг вид на помагала, претходно подготвени предмети, правни документи, принтан материјал или било кој друг извор на информации.

Препишување е најстрого забрането, како и контактирање со други лица, освен доколку имате технички проблем со компјутерот при што може да го повикате само информатичарот. За време на полагањето не смеете да ја напуштате просторијата, пред завршување на тестот. Доколку постапите спротивно на укажаното, ќе бидете отстранети од полагањето, Вашиот тест ќе биде поништен и нема да биде предмет на понатамошно разгледување од страна на Комисијата.

***Ви посакуваме многу успех!***

*Со почит,*

Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска
Директор на Академијата за судии
и јавни обвинители
ПАВЕЛ ШАТЕВ